**Образец бр.1**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог закон за прогласување на локалитетот Плоче Литотелми за споменик на природата |
| Министерство: | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Благој Игновски, советник во Одделение за уредување на просторот во заштитени подрачја и геодиверзитет, Сектор за природа при Управа за животна средина |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | 31 Октомври 2009 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | ЕУ Директива за природни живеалишта, флора и фауна |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

А. Почетна проценка на влијанието на регулативата

1. Кои се главните проблеми?
    - загрозување на видовиот диверзитет на објектот на природата
    - исполнување на обврските од Законот за заштита на природата
2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

***Опција 1:*** Не прави ништо.

***Опција 2:*** Донесување на Законот за прогласување на локалитетот Плоче Литотелми за заштитено подрачје во категоријата споменик на природата и давање можност на општина Прилеп да управува со заштитеното подрачје.

***Опција 3:*** Донесување на Законот за прогласување на локалитетот Плоче Литотелми за заштитено подрачје и определување на приватен субјект за управување со заштитеното подрачје.

3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

   А. Органи на државната и локалната власт:
    - Министерство за животна средина и просторно планирање,
    - Општина Кратово.

Б. Јавноста:

- граѓаните,
- НВО,
- медиумите.

<u>Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?
   - степен на загрозеност на видовиот диверзитет на подрачјето (Елаборат)
2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?
   Нема потреба од дополнителни информаци.
3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?
   За овој предлог закон ќе се спроведуваа иницијална проценка на влијанието на регулативата.
4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?
   Нема да се формира меѓуресорска работна група.